


**<u>На состанокот на Групацијата на пазари кој се одржа на 02.03.2012 се разговараше за:</u>**

Актуелната состојба на пазарите согласно Акциониот план на Владата за справување со сивата економија (активностите на инспекциските служби) и даночните обврските спрема Управата за Јавни приходи на закупците на тезги, беа присутни и претставници на Управата за јавни приходи.

На состанокот, претставниците на организаторите на пазари побараа од претставниците на УЈП да се одложи доставата на решенија за наплата на данок до закупците на тезги се додека не биде донесен правилник и да се дефинираат начините и условите по кои закупците на тезги ќе бидат оданочувани.

Претставниците на управата за јавни приходи информираа дека оданочувањето мора да се реализира согласно Законот за даноци. Во следниот период ќе бидат направени анализи за да се утврди соодветен паушал со кој ќе бидат оданочени закупците на тезги согласно производите што ги продаваат и проекциите за остварен промет.

**<u>На крајот од состанокот се усвоија следните заклучоци</u>**

1. Да се изработи и достави сеопфатна анализа до Министерството за Економија за оправданоста од постоење Закон за трговија од мал обем;.

2. За организаторите на пазари, единствено посебен закон (или пак посебно одредени членови во постојниот закон за трговија ) ќе го реши проблемот со пазарџиите под услов во истиот да бидат опфатени сите дејности односно сите производи кои и сега се продаваат на пазарите.